ЗДРУЖЕНИ СМЕ ПОСИЛНИ

OHRIDSKA BANKA

SOCIETE GENERALE GROUP

# СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВНОСТ

Скопје, 17 април 2013

## РЕЗУЛТАТИ ЗА 2012 ГОДИНА: ДОБИВКА ОД 128 МИЛИОНИ ДЕНАРИ СО КОНТИНУИРАН ПОЗИТИВЕН ТРЕНД ВО ПЕРФОРМАНСИТЕ

Денес во Скопје се одржа Годишното Собрание на Акционери на Охридска банка.

Акционерите ги потврдија резултатите на Банката за 2012 година и ги усвоија финансиските извештаи за годината.

Охридска банка манифестираше солидна отпорност во 2012 во предизвикувачко пазарно опкружување и објави нето добивка од **128 милиони денари што е 3,5 пати повисока од резултатот во 2011 година.**

Во 2012 година, Охридска банка постигна нови остварувања во согласност со поставените стратешки цели, забележа пораст на бизнисот и ја одржа активната поддршка на клиентите наспроти отежнатата пазарна средина. Притоа постигна:

- **Континуиран долгорочен позитивен тренд** каде:
    - Кредитите се зголемија за 16,0%
    - Депозитите се зголемија за 19,2%
    - Средствата се зголемија за 10,8%

- Пораст на **нето некаматните приходи за 17,3%** додека трошоците останаа под контрола со благ пораст од само 2,5%;
- Подобрен коефициент на трошоци на 68,9%;
- Поволно ниво на нето чинењето на ризикот, со вклучен позитивен ефект врз нивото на резервации и постигнатиот резултат на позначајна наплата во овој период.

Порастот на кредити, депозити и на профитабилноста е значаен за Охридска банка, но исто така претставува значаен поттик за порастот на банкарскиот сектор во Р. Македонија во време кога ефектите од светската криза сеуште се присутни. Во 2012 година Охридска банка значително придонесе за порастот на банкарскиот сектор во Р. Македонија:

- Кредитите и депозитите се зголемија 2.3 и 4 пати над пазарниот просек соодветно, со што придонесоа за пораст на банкарскиот сектор со 17% и 28% следствено;
- Средствата се зголемија 1.6 пати над пазарниот просек со 12% придонес кон порастот на банкарскиот сектор.

**КОМУНИКАЦИИ И СТРАТЕШКИ МАРКЕТИНГ**
СВЕТЛАНА ШТЕРЈОВА
+389 2 3203 732

ИГОР МРАКОВ
+389 2 3203 726

ОХРИДСКА БАНКА АД ОХРИД
МАКЕДОНСКИ ПРОСВЕТИТЕЛИ 19
6000 ОХРИД, МАКЕДОНИЈА
obinfo@ob.com.mk
www.ohridskabanka.mk

РЕШЕНИЕ ОД ГУВЕРНЕРОТ НА НБРМ: БР. 7909 ОД 9.12.2008

**Билансот на состојба** на Охридска банка со 31.12.2012 година изнесува **27 милијарди** денари што и овозможи на Банката да ја потврди и зајакне позицијата на **четврта голема** банка во Р. Македонија.

**Кредитите од меѓународни финансиски институции** значително се зголемија **со 10%** учество во вкупните извори на средства, што придонесува за понатамошна диверзификација на структурата на изворите на Банката.

2012 година означува година на позитивен придонес на сите елементи на Билансот на успех на Банката со цел солиден и подобрен нето резултат што се должи на:

- Засилените комерцијални активности;
- Заштеди во оперативните трошоци и на целокупните трошоци под засилена контрола;
- Позитивни ефекти од нето чинењето на ризик, квалитетот на кредитното портфолио и одличната наплата;
- Намален правен ризик и
- Позитивна капитална добивка.

“Ние сме посветени на одржување на ова подобрено ниво на финансиските перформанси со истовремено зголемување на нашето пазарно учество на среден рок. Во тек се проекти од суштинско значење што ќе ни помогнат во постигнувањето на нашата мисија: реализација на планираното репозиционирање во Скопје со ново седиште во главниот град; реструктуирање и оптимизација на мрежата на експозитури; понатамошно подобрување на трошоците на Банката и управување со системите на контрола и внимателно управување со ризиците” – подвлече Јитка Пантучкова, Претседател на Управен одбор на Охридска банка.

**КОМУНИКАЦИИ И СТРАТЕШКИ МАРКЕТИНГ**
СВЕТЛАНА ШТЕРЈОВА
+389 2 3203 732

ИГОР МРАКОВ
+389 2 3203 726

ОХРИДСКА БАНКА АД ОХРИД
МАКЕДОНСКИ ПРОСВЕТИТЕЛИ 19
6000 ОХРИД, МАКЕДОНИЈА
obinfo@ob.com.mk
www.ohridskabanka.mk

РЕШЕНИЕ ОД ГУВЕРНЕРОТ НА НБРМ: БР. 7909 ОД 9.12.2008